# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 12 | Четврток , 23 август 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 97. | **Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година ……** | 2 |
| 98. | **Одлука за утврдување на условите и режимот на сообраќај во град Струмица за мотоцикли, велосипеди со мотор и велосипеди…………………..…………** | 3 |
| 99. | **Одлука за утврдување на надоместок за работата на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица..............................** | 3 |
| 100. | **Одлука за утврдување на висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници ……….** | 4 |
| 101. | **Одлука за откажување од склучување на Договор за долготраен закуп на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија за Проектот “ Агро-берза”……………….** | 5 |
| 102. | **Одлука** за донесување на Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село ……………………. | 6 |
| 103. | **Решение за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица ………………………..** | 6 |
| 104. | **Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за втор квартал 2007 година …………………..…………** | 7 |
| 105. | **Заклучок за доставување на Информација за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица …………………………………..** | 8 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година**

1. Се објавува Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.

Број 08-3726/2 Градоначалник
23.08.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………..

**97.**

Врз основа на член 17 став 1 точка 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“ Сл. весник на РМ” 51/05) и член 20 став 1 точка 7 од Сатутот на општина Струмица-пречитсен текст (“ Сл. гласник на општина Струмиц а” бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година , донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се дополнува Програмата за изработка на урба-нистичките планови на подрачјето на Општина Струмица за 2007 година (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 22/06) и тоа:

Во делот на Програмата под IV. Урбанистички планови вон населени места се додава нов реден број и тоа:

- реден број 6 , во делот на “ објекти” се додаат зборовите “ на КП бр. 1140 и 1141 во КО Вадоча ” , а во делот на “ износ денари ” се додава зборот “ самоинвестирање”

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица” .

Бр. 07- 3726/1 Совет на општина Струмица
23.08.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлука се утврдуваат условите и режимот на сообраќај во град Струмица за мотоцикли,велосипеди со мотор и велосипеди**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за втор квартал 2007 година , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.

Број 08-3722/3 Градоначалник
23.08.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……..……….

**98.**

**Врз основа на членот 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Сл.весник на РМ" број 54/07), членот 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ( " Сл. весник на РМ" бр. 5/02)и член 20 став 1 точка 10 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година, донесе**

**О д л у к а**
**за утврдување на условите и режимот на сообраќај во град Струмица за мотоцикли, велосипеди со мотор и велосипеди**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се утврдуваат условите и режимот на сообраќај во град Струмица за мотоцикли,велосипеди со мотор и велосипеди.**

**Член 2**

**Се забранува сообраќајот за мотоцикли, велосипеди со мотор и велосипеди на улица "Благој Мучето" спој со улица "Сандо Масев" до улица "11 Октомври" до спомен обележјето "Македонија" (во градскиот парк).**

**Сообраќајот се регулира со сообраќаен знак 214- забрана на сообраќај за мотоцикли и сообраќаен знак 217- забрана на сообраќај за велосипеди со мотор и велосипеди.**

**Член 3**

**Се забранува сообраќајот за мотоцикли, велосипеди со мотор и велосипеди на улица "11 Октомври" од спој со улица "Ѓуро Салај" низ паркот до улица "Цветан Димов".**

**Сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 214 и 217.**

**Член 4**

**Се забранува сообраќајот за мотоцикли, велосипеди со мотор и велосипеди на улица "Јосиф Јосифовски Свештарот".**

**Сообраќајот се регулира со сообраќајни знаци 214 и 217.**

**Член 5**

**Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".**

| | |
|---|---|
| **Бр.07- 3722/1** | **Совет на општина Струмица** |
| **23.08.2007 год.** | **Претседател,** |
| **Струмица** | **Зоран Ристов с.р.** |

**…………………..**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на надоместок за работата на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица**

**1.Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок за работата на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.**

| | |
|---|---|
| **Број 08-3724/2** | **Градоначалник** |
| **23.08.2007 год.** | **на општина Струмица** |
| **С т р у м и ц а** | **Зоран Заев с.р.** |

**…………………**

**99.**

**Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ( " Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година, донесе**

**О д л у к а**
**за утврдување на надоместок за работата на Комисија за утврдување на пазарната**

вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица

Член 1

Висината на надоместокот за работата на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица изнесува:

- За индивидуални станбени објекти-куќи................... 50 денари од објект;
- За станови во колективни објекти – станбени згради ... 40 ден. од стан;
- За правни лица за деловен објект со површина до 200 $м^2$ ... 0,25 ден/$м^2$;
- За правни лица за деловен објект со површина над 200 $м^2$ ...0,15 ден/$м^2$;

Член 2

Сретствата да се обезбедат од буџетот на Општина Струмица.

Член 3

Исплатата на средствата ќе се извршува по поднесен Извештај од Комисијата до Одделението за администрирање на приходи (локални даноци и такси) при Општина Струмица

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-3724/1 Совет на општина Струмица
23.08.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлука за утврдување на висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица

1. Се објавува на Одлука за утврдување на висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.

Број 08-3725/2 Градоначалник
23.08.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

100.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ( “ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година, донесе

О д л у к а
за утврдување на висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица

Член 1

Висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници за Општина Струмица се утврдува во висина од:

- за издавање на заверен препис на лиценцата …………………. 150,00 денари

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на трошоците настанати во врска со издавање на лиценци за вршење на авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 7/05).

**Член 3**

**Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".**

**Бр. 07- 3725/1 Совет на општина Струмица**
**23.08.2007 год. Претседател,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

…………………

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Одлуката за откажување од склучување на Договор за долготраен закуп на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија за Проектот " Агро-берза"**

**Се објавува Одлуката за откажување од склучување на Договор за долготраен закуп на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија за Проектот " Агро-берза", донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.**

**Број 08-3728/2 Градоначалник**
**23.08.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

………………..

## 101.

Врз основа на **член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( " Сл. Весник на РМ" бр. 5/02) и** член **20** Статутот на општина Струмица-**пречистен текст** ( ,, Сл. гласник на РМ,, бр. **5/06)** , Советот на општина Струмица на седницата одржана на **23.08.2007** година, донесе

**О Д Л У К А**
**за откажување од склучување на Договор за долготраен закуп на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија за Проектот " Агро-берза"**

**Член 1**

**Општина Струмица се откажува од склучување на Договор за давање под долгорочен закуп на 99 години на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија за Проектот " Агро-берза" на КП бр. 6608/1 во површина од 149.979 м$^2$ и на КП бр. 6608/2 во површина од 3.478 м$^{2,}$ или вкупно 153.449 м2 во КО Струмица.**

**Член 2**

**Откажувањето од овој договор од Општина Струмица да биде во корист и интерес на ЈП "Агро-берза" , за склучување на јавно приватно партнерство со хрватската компанија "Агрикор груп" за истата намена.**

**Член 3**

**Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден со денот на објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица".**

**Бр.07- 3728/1 Совет на општина Струмица**
**23.08.2007 год. Претседател,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

………………………

Врз основа на член **50** став **1** точка **3** од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр.**5/06)** и член **1** точка **39** став **1** алинеа **3** од Статутот на општина Струмица**-** пречистен текст (,, Сл. гласник на општина Струмица,, бр. **5/06),** Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
за објавување на Одлуката за донесување на Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за

општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село

**1.** Се објавува Одлуката за донесување на Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превозна патници за општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на **23.08.2007** година.

Број. **08-3727/2** Градоначалник
**23.08.2007 год.** на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев **с.р.**

..............................

**102.**

Врз основа на член **36** став **1** точка **4** од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.**5/02)**, член **23** од Законот за превоз во патниот сообраќај (“Сл. весник на РМ” бр**. 68/04** и **127/06)** и член **20** став **1** точка **32** од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” бр**. 5/06)**, Советот на општина Струмица на седницата одржана на **23.08.2007** година , донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село**

Член **1**

Се донесува Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линијскиот превоз на патници за општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Член **2**

Се овластува Градоначалникот на општина Струмица, во името на Општина Струмица, да ја потпише заедничката Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Член **3**

Со влегување на сила на оваа Одлука престанува да важи Согодбата за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село **бр. 07-3002/1,** донесена на седница на Советот на општина Струмица одржана на **28.06.2007** година**.**

Член **4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”**.**

Бр.**07-3727/1** Совет на општина Струмица
**23.08.2007** год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов **с.р.**

..............................

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица**

**1.Се објавува Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.**

**Број 08-3723/2 Градоначалник**
**23.08.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**........................**

**103.**

**Врз основа на член од 5 став 2 од Законот за даноци на имот (“Сл. весник на РМ” бр. 61/2004 и 92/2007) и член 27 став 2 од Статутот на општина Струмица- пречистен текст ( “ Сл. гласник на општина Струмица ‘ бр. 5/2006), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година, донесе**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица**

**Член 1**

**Се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица.**

**За членови на Комисијата се именуваат:**

**- Крсте Петров**
**- Јанко Шилинов**
**- Петре Лазаров**
**- Кире Новоселски**
**- Мирко Динев**
**- Боре Ангов**
**- Данче Тасева**
**- Петре Танчев**
**- Драги Кљанков**
**- Катерина Аџискерлева**
**- Ана Клепова**
**- Силвана Кујумџиева**
**- Илинка Кочева**
**- Тена Зафирова**
**- Верица Лазарова**
**- Никола Проданов**
**- Благица Валаска**
**- Ружа Ставрева**
**- Олгица Пиперавалиева**

**Член 2**

**Комисијата со непосреден увид на лице место ќе ја утврди пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица на физичките и правните лица, а врз основа на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.**

**Член 3**

**Комисијата ќе работи во тимови со по три члена .**

**Комисијата од редот на своите членови ќе избере претседател.**

**Член 4**

Со влегување на сила на оваа **Решение** престанува да важи **Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Струмица бр. 07-7485/1 од 14.11.2006 година.**

**Член 5**

**Оваа Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица" .**

**Бр. 07- 3723/1 Совет на општина Струмица**
**23.08.2007 год. Претседател,**
**С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.**

**………………..**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе**

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за втор квартал 2007 година**

**1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за втор квартал 2007 година , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.**

**Број 08-3721/2 Градоначалник**
**23.08.2007 год. на општина Струмица**
**С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.**

**……………………..**

**104.**

**Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (" Сл. весник на РМ" бр.61/04) и член 20 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица"- пречистен текст (" Сл. гласник на општина Струмица " бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година, донесе**

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за втор квартал 2007 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за вториот квартал 2007 година

2. Составен дел на овој заклучок е Кварталниот извештај за извршување на Буџетрот на општина Струмица за втор квартал 2007 година изработен на Образец К1 .

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07- 3721/1 Совет на општина Струмица
23.08.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за доставување на Информација за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица

1.Се објавува Заклучокот за доставување на Информација за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.08.2007 година.

Број 08-3722/4 Градоначалник
23.08.2007 год. на општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.

…………………..

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.08.2007 година, донесе

Заклучок
за доставување на Информација за безбедноста во сообраќајот
на подрачјето на Општина Струмица

1. Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој при општина Стгрумица, да изготви и до Советот на општина Струмица да достави Информација за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на Општина Струмица, со предлог мерки и препораки за надминување на одредени состојби кои ја нарушуваат безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-3722/2 Совет на општина Струмица
23.08.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.